Врз основа на член 64 став 3 и член 68 став 9 од Законот за внатрешната пловидба (“Службен весник на Република Македонија” бр. 55/2007, 26/2009, 22/2010, 23/2011, 53/2011, 155/2012, 15/2013, 137/2013 и 163/2013), министерот за транспорт и врски донесе

П Р А В И Л Н И К
ЗА ТЕХНИЧКИТЕ ПРАВИЛА ЗА УТВРДУВАЊЕ СПОСОБНОСТ ЗА ПЛОВИДБА НА ЧАМЕЦ И БАЖДАРЕЊЕ, НАЧИНОТ НА ВОДЕЊЕ НА РЕГИСТАРОТ НА ЧАМЦИ, ОБРАЗЕЦОТ И СОДРЖИНАТА НА ПЛОВИДБЕНАТА ДОЗВОЛА И РЕГИСТЕРСКАТА ОЗНАКА

1. Општи одредби

Член 1

Со овој правилник се пропишуваат техничките правила за утврдување способност за пловидба на чамец и баждарење, начинот на водење на регистарот на чамци, образецот и содржината на пловидбената дозвола и регистарската ознака.

Член 2

Во зависност од подрачјето на пловидба чамците припаѓаат во категоријата пловни објекти наменети за пловидба во подрачје С - крајбрежни води, езера и реки во услови на брзина на ветар до и вклучувајќи 6 Bf и висина на бран до и вклучувајќи 2,00 метри.

Член 3

Одделни изрази употребени во овој правилник го имаат следното значење:

- “чамец за стопански цели” е чамец за вршење јавен превоз на патници и/или стока за определен надоместок, или за вршење на стопанска дејност за која е регистриран (риболов, вадење песок или камен и друго);
- “чамец за нестопански цели” е чамец за лични потреби, спорт и рекреација и не е наменет за стопански цели;
- “чамец за јавни потреби” е чамец во сопственост на Република Македонија, кој го користат државните органи, а не претставува воен чамец и не е наменет за стопански цели;
- “моторен чамец” е чамец кој плови со помош на механички двигтел (вграден или вонбродски);
- “едрилица” – е чамец на едра со посебна конструкција и опрема со помошен механички двигател или без него;
- “чамец на весла” е чамец кој плови со помош на весла;
- “должина на чамецот (L) m” - е растојанието маѓу крајните точки (крмата и прамецот) на трупот на чамецот, мерено во висина на палубата, односно на чамец без палуба мерено во висина на размата, несметајќи ги додатоците на крмата или прамецот на чамецот;
- “должина на чамец зголемена за додатоците” - е растојанието меѓу крајните точки (крмата и прамецот) на трупот на чамецот мерено во висина на палубата, односно на чамец без палуба мерено во висина на размата на чамецот зголемено за додатоците на крмата или прамецот на чамецот.
- “ширина на чамецот (B) m” - е растојанието меѓу крајните точки на бочните страни на оплатата на чамецот мерено во висина на палубата, односно на чамец без палуба мерено во висина на размата на чамецот;
- “ширина на чамецот зголемена за додатоците” - е растојанието меѓу крајните точки на бочните страни на оплатата на чамецот зголемена за додатоците на бочните страни на чамецот;
- “висина на чамец –разма (D) m” - е вертикалното растојание мерено од дното до горниот раб на цврстата страна на чамец без палуба, на чамец со делумна палуба или на чамец со палуба до висината на палубата;
- “лица на чамец” се лица натоварени на чамец како членови на екипаж и патници на чамецот;
- “постоечки чамец” е чамец запишан во регистар на чамци во Република Македонија;
- “чамец во градба” е чамец чија градба е пријавена во Капетанијата на пристаништата и
- “градител на чамец” е правно и/или физичко лице што гради чамец.

2. Технички правила за утврдување способност за пловидба на чамец

Член 4

Со Техничките правила заради утврдување способност за пловидба на чамец се обезбедува:

1. безбедност на луѓето, чамецот и имотот;
2. спречување од загадување на внатрешните водени патишта од масла, штетни предмети, отпадни води, како и од загадување на воздухот;
3. заштита при работа, сместување на екипажот и патниците на чамецот и
4. услови за превоз на патниците.

2.1. Пловност, стабилитет и газење

Член 5

Чамец за да се пушти во пловидба, треба да ги исполнува основните технички правила пропишани со овој правилник.

По исклучок од став 1 на овој член, градителот на чамец, може да користи и други технички прописи по свој избор, а кои се применуваат во земји членки на Меѓународната поморска организација (IMO).

Член 6

Пловните својства на чамецот се утврдуваат со баждарење, при што се определуваат неговите димензии, истиснина и носивост, товар на баждарска линија (газење на чамецот) и стабилност.

2.2. Баждарење на чамец

Член 7

Со бажадарење на чамецот се утврдува тежината на чамецот кое се потврдува во Свидителството за баждарење.

Тежината на чамецот е еднаква на бруто тежината (GT).

Член 8

Тежината на чамецот се пресметува со формулата:

$GT = 0,225 \times V$

V = вкупниот волумен на чамецот m3

Вкупниот волумен на чамецот се пресметува со формулата:

$V = 0,55 \times L \times b \times D + \Sigma l \times b \times h$ (m3)

l,b,h = должина, ширина и висина на одделни делови или додатоци над палубата изразено во m.

2.3. Најголемо дозволено оптоварување – носивост на чамецот

Член 9

Под најголемо дозволено оптоварување на чамецот се подразбира количината на гориво, вода, залихи, опрема на чамецот, број на лица за кои чамецот е проектиран да се превезуваат, земајќи ги во предвид проектната документација за соодветната категорија, пловните својства на чамецот, неговиот стабилитет и дозволеното газење.

Податокот за најголемото дозволено оптоварување го определува градителот на чамецот и истиот треба да биде назначен на плочката на градителот.

Постапката за определување на најголемото дозволено оптоварување се врши во согласност со македонскиот стандард МКС EN ISO 14946.

Член 10

Истиснината на чамецот се пресметува со множење на должината и ширината на чамецот (мерење на воденатa линија) на средниот газ со коефициентот на исполнетост на истиснината и специфичната тежина на водата.

Член 11

Носивост на чамецот е разлика меѓу истиснината на опремен чамец и натоварен со гориво, мазиво, вода, екипаж, патници и/или товар и празен опремен чамец. Носивоста на чамецот се определува со множење на површината на воденатa линија и разликата на газење на товарната баждарска линија помножена со коефициент 1,007 за слатка вода.

Водена линија е растојание мерено на бочните страни на чамецот, а ја определува слободната страна на чамецот над површината на водата.

Баждарска линија е хоризонтална линија со димензии 150 mm x 15 mm обележена на надворешните страни на чамецот со боја видливо различна од основната боја на чамецот.

Корисна носивост на чамец претставува дел од вкупната носивост на чамецот, а ја сочинуваат најголемиот дозволен број на патници или најголемата дозволена количина на товар што чамецот ја превезува.

Истиснина на празен опремен чамец претставува тежината на чамецот подготвен за пловидба, без опрема што може да се пренесува (алати, резервни делови и сл.).

Член 12

Носивоста на чамецот во количина товар или најголем дозволен број на патници кој може да се превезува/превезуваат се утврдува пред првиот упис на чамецот во Регистарот на чамци, или по извршената преправка на постоечки чамец, кога се смета дека настанала промена на претходно утврдената истиснина и насивоста на чамецот.

Воденатa и баждарската линија на чамецот се утврдуваат пред првиот упис на чамецот во Регистарот на чамци, или по извршената преправка на постоечки чамец, кога се смета дека настанала промена на претходно утврдената водена и баждарска линија на чамецот.

Доколку носивоста на чамецот, воденатa и баждарската линија се утврдени од овластено тело, надвор од Република Македонија, истите се прифаќаат како важечки, а на чамецот не е потребно да се врши дополнителна проверка на истите.

Член 13

Стабилноста на чамецот се утврдува при полно опремен чамец и тоа за:

1. Чамец со палуба или со ефикасно затворена надградба, се определува по должината на едната страна со 4 лица на 1m2, но не повеќе од дозволениот број лица кои чамецот може да ги превезува и

2. Чамец без палуба или со делумна палуба со оптоварување по должината на едната страна со половина од бројот на лицата кои чамецот може да ги превезува.

При испитувањето на стабилноста на чамецот од став 1 на овој член, чамецот не смее да се навали повеќе од 12 степени, со тоа што во случај од став 1 точка 1 на овој член линијата на работ од палубата трба да остане над нивото на водата, а во случај од став 1 точка 2 на овој член најниската точка од цврстата страна (разма) треба да биде најмалку 5 cm над нивото на водата за секој метар од должината на чамецот.

Член 14

Проверката на стабилноста на чамецот се утврдува пред првиот упис на чамецот во Регистарот на чамци, или по извршената преправка на постоечки чамец, кога се смета дека настанала промена која има влијание на стабилитетот на чамецот.

Доколку за чамецот, има декларација за сообразност согласно Правилникот за суштествените барања за производство, пласирањето на пазар и ставање во употреба на пловни објекти за рекреација или свидителство за градба утврдена од овластено тело, надвор од Република Македонија, истата се прифаќа како важечка, а на чамецот не е потребно да се врши дополнителна проверка на неговата стабилност.

2.4. Конструкција на трупот на чамецот

Член 15

Конструкцијата на трупот и квалитетот на изработката на трупот на чамецот се утврдува со проверка и одобрување на :

- техничката документација врз основа на која се гради/градел чамецот;
- квалитетот на материјалот вграден во чамецот,
- распоредот и димензиите на елементите на конструкцијата на трупот на чамецот;
- начинот на спојување на конструктивните елементи на трупот на чамецот и
- квалитетот на изработката (газење на чамецот) и стабилноста на чамецот.

Член 16

Конструкцијата на трупот на чамецот треба да обезбеди чамецот да биде доволно цврст од сите аспекти, при најголемо дозволено оптоварување.

Член 17

Основните технички правила се смета дека се исполнети ако се задоволени барањата за:

1. Материјалот за градба:

а) при употреба на пластични материјали, македонскиот стандард МКС EN ISO 12215 – 1;

б) при употреба на челик, алуминиумски плочи, дрво или други материјали, македонскиот стандард МКС EN ISO 12215 – 3.

2. Условите за градба при што просторот во кој чамецот се гради во зависност од материјалот за градба, треба да го исполнува македонскиот стандард МКС EN ISO 12215 – 4.

3. Проектните оптоварувања, дозволените оптоварувања и димензионирање на елементите, треба да ги исполнуваат македонските стандарди:

- МКС EN ISO 12215 – 5 – мали пловни објекти, конструкција на трупот и димензии на структурните делови, дел 5 – проектни притисоци за еднотрупни чамци, проектни напони, определување на димензии на конструктивните делови;
- МКС EN ISO 12215 – 6 – распоред и конструкциски детали и
- МКС EN ISO 12215 – 8 – кормила.

По исклучок од одредбите од став 1 на овој член, градителот на чамецот може да примени и алтернативни методи за определување на димензиите на конструктивните елементи, доколку истите се предвидени и прифатени од надлежен орган на земја членка на Европската Унија.

Член 18

Конструкцијата на чамецот треба да обезбеди цврстина на трупот соодветна на проектната категорија, како и најголемо дозволено оптоварување, а чамецот треба да ја има соодветната стабилност и дозволеното газење.

Повеќетрупниот чамец, треба да биде така проектиран за да биде способен да се одржи на вода во случај на превртување.

Чамец без ефикасно затворена надградба, за кој постои сомневање дека во текот на пловидбата под дејство на ветар и бранови може да дојде до превртување, треба да има: затворен простор на прамецот и крмата, а по потреба и на страните (боковите) на чамецот, исполнет со херметички затворен воздух или со материјал кој не тоне, заради негово одржување на вода во превртена положба.

На надворешните страни по целата должина на чамецот, треба да е поставено јаже со дебелина од минимум 10 милиметри, за придржување на лицата што се превезуваат со чамецот во случај на негово превртување.

Член 19

Исполнувањето на техничките правила претставува усогласеност со македонските стандарди и тоа:

а) чамец без едра со должина од 6,00 m или повеќе треба да ги исполнува условите од македонскиот стандард МКС EN ISO 12217 – 1;

б) чамец со едра со должина од 6,00 m или повеќе треба да ги исполнува условите од македонскиот стандард МКС EN ISO 12217 – 2 и

в) чамец со должина помала од 6,00 m треба да ги исполнува условите од македонскиот стандард МКС EN ISO 12217 – 3.

2.5. Отвори на трупот и надградбата

Член 20

Средствата за затворање на отворите на трупот, палубата и надградбата на чамецот, треба да обезбедуваат непропусливост за определен временски период или водонепропустливост на трупот на чамецот.

Член 21

Прозорците, вратите и поклопците зависно од местото каде се наоѓаат, треба да го издржуваат притисок од водата кој може да се појави во текот на пловидбата. Отворите на палубата треба до го издржат оптоварувањето создадено од лицата кои се движат на палубата.

Исполнувањето на овие технички правила е пропишано во македонскиот стандард МКС ЕN ISO 12216.

Член 22

Надворешните вентили и премините сместени под водената линија која одговара на најголемото дозволено оптоварување на чамецот, треба да бидат опремени со лесно пристапни средства за затворање.

Во зависност од материјалот од кој се изработени, треба да го исполнуваат македонскиот стандард МКС EN ISO 9093 – 1 и МКС EN ISO 9093 – 2.

Член 23

Чамецот треба да биде проектиран и граден на начин, ризикот од потонување при негово потопување да биде сведен на најмала можна мерка.

Посебно внимание треба да се обрне на:

- кабините и кабините за брз одвод, прозорците, отворите за светло, отворите металните капаци и врати кои треба да се водонепропусливи или опремени со други средства кои спречуваат навлегување вода во чамецот;
- средствата за вентилација и
- празнењето на вода од чамецот со помош на пумпи и други средства.

Исполнувањето на техничките правила од овој член е пропишано во македонскиот стандард МКС EN ISO 11812, МКС EN ISO 12216 и МКС EN ISO 15083.

2.6. Сидрење, врзување и влечење

Член 24

На секој чамец треба да бидат вградени соодветен број цврсти држачи или други средства кои го преземаат оптоварувањето при сидрење, приврзување и влечење на чамецот.

Исполнувањето на овие технички правила од став 1 на овој член е пропишано во македонскиот стандард МКС ЕN ISO 15084.

2.7. Управување

Член 25

Карактеристиките за управување на чамецот треба да се во согласност со најголемата јачина на моторот кој се поставува/вградува на чамецот.

Исполнувањето на техничкитеправила од став 1 на овој член е пропишано во македонскиот стандард МКС EN ISO 8665.

Член 26

Системот за кормиларење треба да биде проектиран и изведен за да обезбеди кормиларење со чамецот во секакви услови на пловидба.

Исполнувањето нате технички правила од став 1 на овој член е пропишано во македонскиот стандард МКС EN ISO 28848, МКС EN ISO 10592 и МКС EN ISO 29775.

Кај едрилици и моторни чамци со еден вграден мотор со далечинско управување на кормилото, треба да постојат дополнителни сртедства за управување со кормилото во услови на намалена брзина на чамецот.

2.8. Светла и знаци за навигација

Член 27

Светлата и знаците за навигација треба да ги задоволуваат барањата пропишани со Европски код за внатрешни пловни патишта - CEVNI.

2.9. Машински уред

Член 28

Вградените мотори треба да бидат сместени во затворен дел од чамецот, одвоен од просторот за сместување на лица и да се монтирани на начин кој овозможува да се смали ризикот од пожар или од негово ширење, да се смали опасноста од отровни гасови, штетно влијание од топлина, бучава или вибрации во просторот наменет за лица.

Деловите на моторот и помошните уреди кои подлежат на зачестени прегледи односно сервисирање треба да бидат лесно пристапни.

Материјалот за изолација во моторот трба да биде незапаллив.

Исполнувањето на техничките правила од овој член е пропишано во македонскиот стандард МКС EN ISO 15584 – бензин и МКС EN ISO 16147 – дизел.

Член 29

Секој мотор треба да биде јасно означен со следните податоци:

- име или назив на производителот;
- тип на моторот, серија ако постои;
- единствен идентификациски број на моторот и
- ознака CE, ако се работи за вонбродски мотор.

Секој мотор треба да има упатство за користење на македонски и англиски јазик.

Член 30

Просторот каде што е сместен моторот треба да има можност за проветрување.

Отворите за вентилација во машинскиот простор, треба да се соодветно поставени и заштитени од продор на вода.

Ако моторот е заштитен со капаци или сопствено куќиште, изложените подвижни или жешки делови кои би повредиле некого, треба да се заштитени.

Член 31

Чамците со надворешни мотори треба да имаат уред за спречување на ставање на моторот во брзина.

Исполнувањето на техничките правила од став 1 на овој член е пропишано во македонскиот стандард МКС EN ISO 11547.

Овие правила не се применуваат кога:

- моторот произведува статичка сила помала од 500 њутни (N) или
- моторот има придушен граничен уред за ограничување на силата на 500 њутни при неговото стартување.

Член 32

Моторот на чамец на млазен погон, треба да биде проектиран така што при паѓање на управувачот во вода моторот да престане да работи, или моторот да биде опремен со уред за смалување на брзината и понатамошно навалување на чамецот.

Исполнувањето на техничките правила од став 1 на овој член е пропишано во македонскиот стандард МКС EN ISO 13590.

2.10. Резервоари за гориво

Член 33

Резервоарите за гориво, водовите и цревата за довод и одвод на горивото треба да бидат обезбедени и заштитени од било каков извор на топлина. Матреријалот од кој се направени и начинот на нивната изработка треба да е според нивниот капацитет и видот на горивото. Просторот во кој се сместени резервоарите за гориво треба да се проветрува (вентилира).

Течното гориво со точка на палење под 55 степени целзиусови треба да се чува во резервоари кои не се дел од трупот на чамецот и се:

- изолирани од просторот каде е сместен моторот и од секаков извор на палење и
- одвоени од просторот наменет за сместување на лица.

Течното гориво со точка на палење еднаква или над 55 степени целзиусови треба да се чува во резервоари кој се составен дел на трупот на чамецот.

Исполнувањето на техничките правила од овој член е пропишано во македонскиот стандард МКС EN ISO 10088, МКС EN ISO 7840, МКС EN ISO 8469 и МКС EN ISO 14895.

Стандардите од став 4 на овој член не се однесуваат на преносливите резервоари.

2.11. Електрична опрема

Член 34

Електричната опрема треба да е така проектирана и инсталирана за да обезбеди безбедно користење на чамецот при нормални услови на употреба и да обезбеди минимален ризик од настанување на пожар или електричен удар.

Посебно внимание треба да се обрне на заштитата од преоптовареност и заштита од краток спој на струјното коло за стартување на моторот напојуван од акумулатор.

Акумулаторите трба да бидат правилно прицврстени и заштитени од продор на вода. Заради спречување собирање на гасови што може да ги испуштаат акумулаторите, просторот во кој се сместени акумулаторите, треба да се проветрува (вентилира).

Исполнувањето на техничките правила од овој член е пропишано во македонскиот стандард МКС EN ISO 10133, МКС EN ISO 13297, МКС EN ISO 60092 – 507, МКС EN ISO 28846, МКС EN ISO 9097, МКС EN ISO 15584 и МКС EN ISO 16147.

2.12. Инсталација за гас

Член 35

Инсталацијата за гас треба да биде така проектирана и инсталирана за да овозможи испуштање на гориво во гасовита состојба, како и да оневозможи истекување на гас и опасност од експлозија. Просторот во кој е сместена инсталацијата за гас треба да има можност да се проветрува (вентилира).

Инсталацијата за гас, во зависност од видот на гасот и неговото влијание врз животната средина, треба да биде изработена од соодветен материјал.

Секој уред треба да е опремен со уред за прекин на пламенот на сите горилници. Секој уред на гас треба да се снабдува од посебен одвод на дистрибутивната мрежа и да биде управуван со посебен уред за затворање.

Уредите за гас треба да бидат сместени во посебна просторија, одвоена од просториите за лица. Вентилацијата треба да биде изведена за да овозможи испуштениот гас да излезе надвор.

Инсталацијата за гас по вградувањето треба да биде испитана.

Исполнувањето на техничките правила од овој член е пропишано во македонскиот стандард МКС EN ISO 10239.

2.13. Противпожарна заштита

Член 36

При проектирање на противпожарната опрема треба да се внимава на спречувањето и ширењето на пожар на чамецот. Посебно внимание треба да се обрне на уредите кои произведуваат пламен, врелите делови на главните и помошни мотори, претекувањето на масло и гориво, непокриените (неизолираните) цевки за масло и гориво и на избегнувањето поставување електрични кабли над врелите делови на машините.

Член 37

Видот, сместувањето и потребната противпожарна опрема на чамецот, треба да бидат соодветни на ризикот од појава и ширење на пожар. Чамец не треба да започне со пловење ако противпожарната опрема не е потполна и исправна.

Преносните уреди за гасње пожар треба да се сместени на лесно достапни места. Еден уред треба да биде лесно достапен од главното место на управување со чамецот.

Исполнувањето на техничките правила од овој член е пропишано во македонскиот стандард МКС EN ISO 9094 – 1 и МКС EN ISO 9094 – 2.

2.14. Спречување од загадување на животната средина

Член 38

Чамецот треба да биде граден и опремен на начин кој ќе оневозможи ненамерно испуштање на штетни материи – згадувачи на животната средина.

Член 39

Кога во чамецот се вградени тоалети, трба да се предвидат резервоари за задржување на отпадот или да се остави можност за нивно дополнително вградување.

Чамец со вградени резревоари за задржување на фекалии, треба да биде опремен со стандардни уреди за истовар на копно.

На цевките за фекалии кои завршуваат на чамецот треба да бидат вградени вентили кои хрметички се затвораат.

Исполнувањето на техничките правила од овој член е пропишано во македонскиот стандард МКС EN ISO 8099.

Член 40

Чамците на надувување опремени со мотор со макимална јачина до 4,5 kW или помалку, ќе се смета дека ги исполнува техничките правила доколку истите се во согласност со македонскиот стандард МКС EN ISO 6185 – 1.

Чамците на надувување опремени со мотор со јачина поголема до 4,5 kW, но помала од 15 kW, ќе се смета дека ги исполнува техничките правила доколку истите се во согласност со македонскиот стандард МКС EN ISO 6185 – 2.

Чамците на надувување опремени со мотор со јачина поголема до 15 kW ќе се смета дека ги исполнува техничките правила доколку истите се во согласност со македонскиот стандард МКС EN ISO 6185 – 3.

Член 41

Секој чамец на трупот треба да има истакнато ознака која содржи податоци за:

- производителот;
- државата во која чамецот е произведен;
- единствен сериски број;
- година на производството и
- година на моделот.

Ознаката што треба да ја има секој чамец утврдена е со македонскиот стандард МКС EN ISO 8666 "Мали пловни објекти – основни податоци".

Член 42

Секој чамец на трупот треба да има прикачена плочка на градителот која содржи податоци за:

- назив на градителот;
- ЦЕ ознака и ознака на овластеното тело каде барањето е поднесено;
- категорија на чамецот согласно со проектната документација;
- препорака на градителот за најголемо дозволено оптоварување на чамецот и
- препорака на градителот за најголемиот дозволен број на лица на чамецот.

Означувањето треба да биде во согласност со македонскиот стандард МКС EN ISO 10087. ".

3.Опрема на чамецот

3.1.Чамец наменет за лични потреби

Член 43

Чамец наменет за лични потреби треба да биде опремен со:

а). Опрема на трупот која се состои од:

- котва со соодветна пропишана тежина и котвен ланец-јаже во зависност од должината на трупот на чамецот прикажани во Прилог 1 кој е составен дел на овој правилник.
- битва или некои други уреди за приврзување;
- 2 весла со соодветна должина или резервен мотор;
- чакља и
- резервно рачно рудо.

Тежината на котвата наведена во Прилог 1 на овој правилник се однесува на котва со зголемена јачина на држење. Доколку се користи традиционална котва (котва со пречка или сл.) тежината на котвата треба да биде зголемена за 25 %.

Должината на котвениот ланец треба да одговара на подрачјето на пловидба. По правило должината на котвениот ланец не треба да биде помала од три должини од трупот на чамецот или 30 метри.

Котвениот ланец може да биде заменет со пластично или челично јаже. Во овој случај помеѓу котвата и јажето треба да биде вграден ланец со должина на помала од 20 %од вкупната должина на чамецот.

Треба да се предвидат најмалку четири јажиња за врзување со должина која одговара на должината на чамецот, но не пократки од 5,00 метри и едно јаже за влечење, со должина од четири должини на чамецот кое може да се користи како јаже за приврзување. Дебелината на јажето е според димензиите наведени во колона четири од Прилог 1.

б). Машински уред кој се состои од:
- комплет алат за одржување на моторот;
- резервни делови за безбедна работа на моторот;
- извор на електрична енергија за случај на нужда(за чамци со вграден мотор во подпалуба) ;
- аларм за високо ниво на вода во подпалубниот простор за чамци со вграден мотор;
- електрична пумпа за празнење на вода од минимум 50 литри во минута за чамци со должина до 6,00 метри, односно од минимум 100 литри во минута за чамци со должина над 6,00 метри и/или механичка пумпа со погон од мотор и капацитет од минимум шест четвртини coll за чамец со надградба и должина над 6,00 метри, за чамци со вграден мотор и со извор на електрична енергија со напон од 12/24 V;
- рачна пумпа за празнење на вода со капацитет од минимум 30 литри во минута за чамец со должина до 6,00 метри, и пумпа со капацитет од минимум 60 литри во минута за чамец со должина над 6,00 метри;
- сад за празнење на вода со волумен не помал од пет литри за сите видови на чамец.

в). Средства за сигнализација и помагала за навигација кои се состојат од:
- светла согласно Правилникот за правилата, сигналите и ознаките за безбедна и уредна пловидба на пловните патишта на внатрешните води;
- ознаки за обележување дење согласно Правилникот за правилата, сигналите и ознаките за безбедна и уредна пловидба на пловните патишта на внатрешните води. Ознаки за обележување дење не се потребни за чамци со должина до 10 метри;
- водоотпорна батериска лампа и
- VHF- радио станица за чамци со јачина на мотор над 20 kW и подрачје на пловидба над 1 Nm од брег.

г). Противпожарна опрема која се состои од:
- апарат за гаснење пожар од минимум од 2,5 литри (освен за чамец со метална конструкција, без надградба и со вонбродски мотор со јачина помала од 15 kW).

д). Опрема за спречување од загадување која се состои од:
- сад/ врекичка за собирање отпад;
- сад за собирање отпадно масло за чамец со вграден мотор;
- средство за впивање и издвојување на замастени остатоци за чамец со вграден мотор.

ѓ). Опрема за спасување која се состои од појаси за спасување за секое лице качено на чамецот во пловидба и

е). Кутија за прва медицинска помош

3.2. Чамец наменет за вршење стопанска дејност и чамец за јавна намена

Член 44

Чамец наменет за вршење стопанска дејност и чамец за јавна намена треба да биде опремен со:

а). Опрема на трупот која се состои од:
- котва со соодветна пропишана тежина и котвен ланец во зависност од должината на трупот на чамецот пропишан во Прилог 1 кој е составен дел на овој правилник
- битва или некои други уреди за приврзување;
- 2 весла со соодветна должина (веслата можат да се заменат со резервен мотор);
- чамец кој заради своите димензии не може да се придвижува со веслање, треба да има резервен мотор;
- чамец опремен со два главни мотори со иста јачина, не треба да биде опремен со опремата пропишана во точка а). алинеја 3 и 4 од овој член;
- чакља и
- резервно рачно рудо.

б). Машински уред кој се состои од:
- комплет алат за одржување на моторот;
- резервни делови за безбедна работа на моторот;
- извор на електрична енергија за случај на нужда (за чамци со вграден мотор во подпалуба);
- аларм за високо ниво на вода во подпалубниот простор за чамци со вграден мотор;
- електрична пумпа за празнење на вода од минимум 50 литри во минута за чамци со должина до 6,00 метри, односно од минимум 100 литри во минута за чамци со должина над 6,00 метри и/или механичка пумпа со погон од мотор и капацитет од минимум шест четвртини coll за чамец со надградба и должина над 6,00 метри, за чамци со вграден мотор и со извор на електрична енергија со напон од 12/24 V;
- рачна пумпа за празнење на вода со капацитет од минимум 30 литри во минута за чамец со должина до 6,00 метри, и пумпа со капацитет од минимум 60 литри во минута за чамец со должина над 6,00 метри;
- сад за празнење на вода со волумен не помал од пет литри за сите видови на чамец.

в). Средства за спасување кои се состојат од:
- појаси за спасување за сите лица качени на чамецот во пловидба;
- венец за спасување за чамец наменет за вршење стопанска дејност;
- сигурносно јаже за чамец на едра;
- кутија за прва помош;

г). Средства за сигнализација и помагала за навигација кои се состојат од:
- светла согласно Правилникот за правилата, сигналите и ознаките за безбедна и уредна пловидба на пловните патишта на внатрешните води;
- ознаки за обележување дење, согласно Правилникот за правилата, сигналите и ознаките за безбедна и уредна пловидба на пловните патишта на внатрешните води;
- водоотпорна батериска лампа;
- средство за давање звучни сигнали;
- рачна VHF радиостаница за чамци без извор на електрична енергија 12/24V и
- вградена радиостаница за чамци со извор на електрична енергија од 12/24V.

д). Противпожарна опрема која се состои од:
- апарат за гаснење пожар од минимум од 2,5 литри (освен за чамец со метална конструкција, без надградба и со вонбродски мотор со јачина помала од 15 kW) и
- автоматски систем за гасење пожар за чамци со вграден мотор на бензин.

ѓ). Опрема за спречување од загадување која се состои од:
- сад/ врекичка за собирање отпад;
- сад за собирање отпадно масло за чамец со вграден мотор;
- средство за впивање и издвојување на замастени остатоци за чамец со вграден мотор.

3.3. Дополнителни барања за одделни видови чамци

Член 45

Чамец наменет за превоз на патници на релации подолги од 500 метри треба да е опремен со механички двигател.

Чамец наменет за превоз на патници за патување кое трае непрекинато повеќе од 2 часа, треба да е опремен со тоалет и со доволна количина вода за пиење во количина сразмерна на бројот на патниците кои во моментот се превезуваат.

Чамец без палуба, наменет за превоз на патници треба да е со висина на страна (бок) мерена од подот до горниот раб на цврстата страна на палубата (разма) и тоа:
- до 6,00 метри должина – 70 cm;
- до 10 метри должина – 80 cm и
- над 10 метри должина – 90 cm.

Чамец наменет за превоз на патници со делумна или целосна палуба, на палубата треба да има ограда висока 80 cm, а растојанието меѓу хоризонталните пречки да не надминува 20 cm, освен ако има соодветно јака мрежа.

На чамец наменет за превоз на патници со вграден механички двигател, просторот за моторот треба да биде одвоен од просторот за патници и заштитен со преграда или сандак. Доколку преградата или сандакот се дрвени, истите од страната на моторот треба да бидат обложени со лим, а цевката за издувни гасови да е обложена со изолационен огноотпорен материјал.

Подниците во делот каде е сместен вградениот мотор треба да се од ребрест лим или дрвени подници обложени со ребрест лим.

Член 46

Чамец со вграден мотор на бензин сместен во затворен простор или под палубата, треба да има можност за вклучување на вентилација во моторниот оддел во моментот на самото стартување на моторот.

Член 47

Садовите под притисок вградени на чамецот, треба да имаат потврда за извршен надзор и испитување издадена од овластено тело, а доколку садовите под притисок се изработени во странска држава треба да имаат потврда издадена од овластена организација на таа држава.

Член 48

Скутерот треба да биде опремен со сигурносна нараквица. Скутер наменет за вршење стопанска дејност треба да има можност за далечинско запирање од брег.

На скутерот треба да има појаси за спасување и безбедносни кациги за лицата кои се превезуваат.

Член 49

Глисерите покрај опремата пропишана во член 36 и 37 од овој Правилник, треба да се опремени со сигурносна нараквица, а доколку влече скијач или падобран и конвексен ретровизор.

4. Техничка документација за грдба на чамец

Член 50

Техничката документација за градба на чамец треба да ги содржи сите потребни информации врз основа на кои ќе може да се потврди дека чамецот или составните делови на чамецот ги задоволуваат пропишаните технички правила. Техничката документација треба да овозможи увид во сите детали потребни за разбирање на проектот, производтвотото и употребата на производот (чамец).

Член 51

Во однос на содржината на техничката документација за градба на чамец и на постапките за оценка на сообразност на проектот и градбата на чамецот се применуваат одредбите од Правилникот за суштествените барања за производство, пласирањето на пазар и ставање во употреба на пловни објекти за рекреација.

Член 52

Чамец изграден за лични потреби треба да има втиснато ознака за идентификација.

Ознаката за идентификација е во вид на плочка во правоаголна форма со димензии 2x30x80 мм и содржи: стилизиран облик на сидро, број кој ја означува годината на градба на чамецот, латинична буква која го означува типот на чамецот (А-метален чамец без надградба, В- метален чамец со надградба, С- дрвен чамец без надградба, D-дрвен чамец со надградба, Е- полиестер чамец без надградба, F-полиестер чамец со надградба и G-едрилица со механички двигател), броеви кои го означуваат регистарскиот број на чамецот, максимално дозволен товар, односно максимално дозволен број на патници кои може да се превезуваат со чамецот и максимална јачина механички двигател.

Ознаката за идентификација од став 2 на овој член се втиснува на видливо место на внатрешната страна од крмениот дел на чамецот.

Член 53

Проверката на конструкцијата трупот и квалитетот на изработката на трупот на чамецот се утврдува со проверка на:

- техничката документација врз основа на која чамецот е граден,
- квалитетот на матреијалот вграден во чамецот;
- распоредот и димензиите на елементите на конструкцијата на трупот чамецот;
- начинот на спојување на елементите на конструктивните елементи на трупот на чамецот и
- квалитетот на изработката.

Член 54

Проверката на конструкцијата и квалитетот на изработката на трупот на чамец изработен од стаклопластика се врши со оптеретување на чамецот на суво, така што чамецот се потпира на прамецот и на крмата под кобилицата и се оптеретува со двојно поголема тежина на лица и опрема од тежината што со чамецот може да се превезува и се остава под тоа оптеретување пет минути, а по тоа се утврдува неговото деформирање (прегиб).

Деформирањето се утврдува со мерење на свиткувањето на кобилицата на чамецот во средината меѓу точките на потпирање. Деформацијата на свиткување на кобилицата под оптеретување не смее да биде поголемо од 1/400 дел од должината на чамецот и не смее да биде трајна. Мерењето се врши пред оптеретувањето, за време на траење на оптеретувањето и по отстранување на оптеретувањето.

Сите отвори на оплатата на чамецот маораат по својата цврстина и конструкција да обезбедуваат непотонување на чамецот во случај на негово оштетување.

Конструкцијата и квалитетот на изработка на трупот на чамец изработен од повеќе различни материјали, се проверува со примена на еден или повеќе пропишани начини во зависност од материјалот од кој е изработен трупот на чамецот.

Член 55

Чамец на воден млазен погон (глисер, скутер), наменет за стопански цели, треба да има можност за далечинско сопирање од брег.

Член 56

Чамец за превоз на товар треба да има настрешница или водоотпорно (непропустливо) платно.

5. Регистар на чамци, содржина на пловидбена дозвола и регистарска ознака

Член 57

Регистарот на чамци се состои од книга за чамци и од именик на сопствениците на чамци запишани во книгата за чамци.

Регистарот за чамци се води во пишана форма, а може да се води и во електронска форма.

Член 58

Во книгата за чамци се запишува регистарската ознака и името на чамецот, тип, модел и материјал од кој е изграден, година на градба, димензии на чамецот (должина, ширина и висина) изразени во метри, регистарска тонажа (бруто/нето регистарски тони), истис-

нина, вид, број и јачина на механички двигател изразени во kW, носивост на чамецот, намена на чамецот, најмал број на членови на екипаж, број на барањето за упис, број на решението за упис и дата на уписот, податоци за сопственикот на чамецот (име и презиме односно назив, седиште, адреса, ЕМБГ, правен основ за стекнување сопственост), податоци за извршениот преглед (свидетелство за градба, записник за извршен преглед, записник за баждарење), податоци за извршена промена на сопственоста на чамецот или на механичкиот двигател, решение за обавување дејност, податоци од централниот регистар за вршење дејност превоз во внатрешната пловидба и од одобрението за вршење јавен превоз на патници и стока, полиса за осигурување и забелешка.

Образецот на книгата за чамци од став 1 на овој член е даден во прилог 2, кој е составен дел на овој правилник.

Член 59

Именикот на сопственици на чамци се води по азбучен ред во кој се внесуваат следните податоци: назив и седиште, односно име и презиме и живеалиште на сопственикот и регистарска ознака на чамецот.

Член 60

Пловидбената дозвола на чамец впишан во регистарот на чамци е со правоаголна форма, триделна со димензии 220 x 115 мм, печатена на полутврда хартија со светло сива боја вметната во пластична фолија.

Насловната страна на пловидбената дозвола содржи:

- Прв дел: текст "Република Македонија, Министерство за транспорт и врски, Капетанија на пристаништата - Охрид", национална ознака "МК", "Пловидбена дозвола", на француски јазик "Permis de navigation", реден број на образецот на пловидбената дозвола МК 00000, место за запишување на регистарската ознака и името на чамецот;
- Втор дел: напомена;
- Трет дел: важност на пловидбената дозвола, место за печат и потпис на овластено лице.

Внатрешната страна на пловидбената дозвола содржи:

- Прв дел во кој се наведени: бројот на пловидбената дозвола, датата на првата регистрација, место за печат и потпис на овластено лице, име и презиме, односно назив на сопственикот, адреса-седиште, носител на правото на користење, вид на пловниот објект, корисна носивост (t)/лица на чамецот;
- Втор дел во кој се наведени податоци за чамецот: димензии (должина, ширина и висина), истиснина (газење) и носивост, број на шасија, податоци за механичкиот двигател (тип, марка, јачина и сериски број), број на членови на екипаж;
- Трет дел во кој се наведени опремата на чамецот и подрачјето на пловидба.

Податоците во образецот на пловидбената дозвола се запишуваат на македонски јазик и на неговото кирилско писмо и на француски јазик.

Образецот на пловидбената дозвола од став 1 на овој член е даден во Прилог 3, кој е составен дел на овој правилник.

Член 61

Регистарската ознака на чамецот за вршење стопански цели и на чамецот за јавни потреби се состои од редниот број под кој чамецот е запишан во регистарот на чамци, а потоа ознаката од почетните две букви земени од името на седиштето на Капетанијата на пристаништата – Охрид (ОН).

Регистарската ознака на чамецот за нестопански цели се состои од почетните две букви земени од името на седиштето на Капетанијата на пристаништата – Охрид (ОН) и бројот што го означува редниот број под кој чамецот е запишан во регистарот на чамци.

Член 62

Регистарската ознака на чамецот треба да биде испишана на двете слободни страни на прамецот на чамецот.

Ако чамецот има име, тоа се пишува на двете слободни страни на крмата на чамецот,

Регистарската ознака на едрилица се впишува на највидливата внатрешна страна на трупот на едрилицата.

Член 63

Регистарската ознака и името на чамецот треба да бидат уредно испишани, со боја видно различна од бокјата на чамецот.

Големината на буквите и броевите од ознаката на чамецот се во размер со големината на чамецот, испишани така што трба да се видливи од поголема оддалеченост. Големината на буквите и броевите треба да изнесува најмалку 10 см висина и 5 см ширина, односно 20 см висина и 10 см ширина за глисер и чамец на воден млазен погон.

Буквите и броевите помеѓу себе треба да бидат одвоени со тире.

Преодни и завршни одредби

Член 64

Одредбите на членовите 43, 44 и 45 од овој правилник, ќе отпочне да се применуваат од 01 јуни 2014 година.

Член 65

Со денот на влегувањето во сила на овој правилник престанува да важи Правилникот за конструкцијата, пловните својства, механичкиот двигател и другите уреди и опрема, начинот на водење на регистарот на чамци, образецот и содржината на пловидбената дозвола и регистарската ознака на чамци ("Службен весник на Република Македонија" бр.110/2008).

Член 66

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија".

Бр. 01-11918/1
13 декември 2013 година
Скопје

Министер
за транспорт и врски,
Миле Јанакиески, с.р.

СУДСКИ СОВЕТ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

4353.

Судскиот совет на Република Македонија постапувајќи согласно Амандман XXVI на Уставот на Република Македонија "Службен весник на Република Македонија" бр.107/2005, на ден 16.12.2013 година, го донесе следното

Р Е Ш Е Н И Е

Се утврдува престанок на судиската функција на Софка Котовска-Стефановска, судија на Основен суд Скопје 1 Скопје, поради исполнување на условите за старосна пензија.

Решението влегува во сила со денот на донесувањето – 16.12.2013 година.

Бр. 07-2126/1
16 декември 2013 година
Скопје

Судски совет
на Република Македонија
Претседател,
Александра Зафировска, с.р.

ОДБОР ЗА ДОДЕЛУВАЊЕ НА ДРЖАВНАТА НАГРАДА „МИТО ХАЏИ ВАСИЛЕВ ЈАСМИН“

4354.

Врз основа на членовите 1, 2, 7, 12, 16, 17 и 18 од Законот за државните награди ("Службен весник на Република Македонија" број 52/2006, 54/2007 и 74/12), Одборот за доделување на државната награда "Мито Хаџи Василев Јасмин", на седницата одржана на 5 декември 2013 година, донесе

О Д Л У К А
ЗА ДОДЕЛУВАЊЕ НА ДРЖАВНАТА НАГРАДА „МИТО ХАЏИ ВАСИЛЕВ ЈАСМИН" ВО 2013 ГОДИНА ЗА ОСТВАРУВАЊА ВО ОБЛАСТА НА ПУБЛИЦИСТИКАТА И НОВИНАРСТВОТО ОД ИНТЕРЕС НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

I. За остварување во областа на публицистиката, државната награда му се доделува на:
- проф. д-р Волф Ошлис, публицист.

II. За остварувања во областа на новинарството, државната награда и се доделува на:
- Паца Лазарова, новинар.

III. Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен весник на Република Македонија".

Бр.07-4939/2
16 декември 2013 година
Скопје

Претседател на Одборот
за доделување на државната награда
„Мито Хаџи Василев Јасмин“,
д-р **Марко Китевски**, с.р.

Службен весник на Република Македонија

www.slvesnik.com.mk
contact@slvesnik.com.mk

Издавач: ЈП СЛУЖБЕН ВЕСНИК НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА, ц.о.-Скопје
бул. „Партизански одреди” бр. 29. Поштенски фах 51.
Директор и одговорен уредник – м-р Тони Трајанов.
Телефон: +389-2-55 12 400.
Телефакс: +389-2-55 12 401.

Претплатата за 2013 година изнесува 10.100,00 денари.
„Службен весник на Република Македонија“ излегува по потреба.
Рок за рекламации: 15 дена.
Жиро-сметка: 300000000188798.
Депонент на Комерцијална банка, АД - Скопје.
Печат: ГРАФИЧКИ ЦЕНТАР ДООЕЛ, Скопје.

ISSN 0354-1622
2013177